MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1962/2
15-08-2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 38 став 3 и став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ---------------- од К---------, на 21-та седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

## **О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12-1962/1 од 26.03.2019 година на подносителот --------------- од К----------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува во предметот со број 12-1962 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-1962/1 од 26.03.2019 година.

Предметот со број 12-1962 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1962 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1962/1 од 26.03.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице - ----------------- од К-------------.

Со пријавата се изразува сомневање за корупција во ----------- комора на Македонија преку ненаменско трошење на средствата за солидарност, а кои средства биле уплатувани од страна на докторите ------------ со секоја уплатена членарина на сметката на ------------- комора.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот за ненаменско трошење на средствата за солидарност и во однос на утврдување дали ДКСК има надлежност за постапување по оваа пријава, се изврши


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

анализа на Статутот на комората број ------------- и Законот за здравствена заштита, при што се констатирани следните состојби:

-Согласно член 2 од Статутот на комората, ----------------------- комора е задолжителна, самостојна и независна професионална организација на сите доктори по ------------------ кои имаат важечка лиценца за вршење ------------- дејност како професија на територијата на Република Македонија. Комората е основана со цел за заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и правата на докторите по -------------, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, следење на односот на здравствените работници кон општеството и граѓаните, да ги штити правата и професионалните интереси на докторите по ------------------- кои се нејзини членови и да се грижи за достоинството, угледот, интегритетот и унапредувањето на севкупната ------------- струка и професија и нејзиното правилно и чесно вршење.

- Со член 11 исто така од Статутот е предвидено дека членувањето во Комората е право и задолжителна обврска на сите доктори по ------------- кои имаат важечка лиценца за вршење ---------------дејност или вршат едукативно - образовна, односно научна работа од областа на ---------------- на територијата на Република Македонија, а согласно важечките законски и подзаконски прописи од областа на здравствената заштита и овој Статут.

- Со член 16 се дефинирани органите на управување на комората: Собрание, Извршен одбор, Надзорен одбор, Претседател на Комората, Суд на честа и обвинител на Комората кои се избираат од редот на членовите на Комората и кои во рамките на својот делокруг на работа донесуваат правилници, одлуки, решенија, заклучоци, декларации, препораки, предлози, заземаат ставови и мислења во согласност со законите, Статутот и другите акти на Комората.

- Финансиските средства за работа на Комората се обезбедуваат од приходи на комората по основ на: 1. членарини што ги плаќаат нејзините членови; 2. средства по план/програма за вршење на надзор над стручната работа од буџетот на Министерството за здравство; 3. надоместок за услуги што ги врши Комората; 4. приходи од акредитирани и организирани конгреси, семинари, симпозиуми, курсеви, предавања, советувања и сл.; 5. приходи од издавачка дејност; 6. од прилози и подароци; 7. донации; 8. од други извори. (2) Висината на членарината на годишно ниво, со одлука, ја определува Собранието на Комората.

Врз основа на погоре констатираното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека одговорните лица за финансиското и наменското

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

користење на средствата на Комората, не се од редот на избрани и именувани лица кои согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси(ЗСКСИ) се во фокусот на преземање мерки и активности на Државната комисија за спречување на корупција и оцени дека од наводите во поднесената пријава произлегува дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај. Имено, согласно член 1 од ЗСКСИ се уредуваат мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиките и мерките и активностите за спречување на судирот на интереси и корупција при вршењето на работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 12 август 2019 година под бр. 12- 1962/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива